35591

14715.

НОВА МАКЕДОНИЈА • Вторник 12 јануари 1988 год. • стр. 7

НАШИ СРЕДБИ

# ПРИЗНАНИЈАТА СЕ АФИРМАЦИЈА

● ДОЦЕНТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ ДИМЧЕ НИКОЛОВ СТЕКНА МЕЃУНАРОДЕН УСПЕХ ОСВОЈУВАЈЌИ ЈА ПРВАТА НАГРАДА НА КОНКУРСОТ ЗА УМЕТНИЧКИ ПЛАКАТ НА ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ ВО СЕУЛ

Повод за разговор со доцентот на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, **Димче Николов**, е веста за несекојдневниот успех на овој графичар, кој освојувајќи ја првата награда на конкурсот за уметнички плакат на Олимписките игри во Сеул, постигна меѓународен успех и парична награда од 8.000 долари.

Со овој академски сликар од Скопје, кој дипломираше на Академијата за ликовни уметности (1978) и ги заврши постдипломските студии на одделот за графика (1980) во Љубљана кај професорот Богдан Борчич, разговорот го водевме вчера во нашата Редакција.

**● За проследувачите на ликовните прилики во Републиката вашето име е познато: и покрај отсуството, вие најредовно учествувате на сите годишни и традиционални изложби на македонските уметници. Меѓутоа, како дојде до тоа Корејанците, кои во графичката техника и технологија по ништо не заостануваат зад познатите Јапонци, да ве повикаат на конкурс, па уште и во конкуренција од само 12 графичари од светот да ја освоите и наградата?**

— Уште на факултет професорите ме натераа да учествувам на тогаш 13-то Меѓународно графичко биенале во Љубљана, познатата манифестација чиј каталог ја добиваат сите земји — учесници. Во каталогот се објавуваат репродукции на изложените графики биографски податоци и адреса на уметниците". Така почна сè. Секој организатор на изложба или конкурс во светот си прави селекција и си повикува уметник по сопствена желба. Уште тогаш научив дека за поширока афирмација на еден уметник му се потребни признанија, а признанија се добиваат ако учествуваш каде што ги доделуваат. Јас во Кореа досега сум учествувал на четири изложби: во 1981 година на Биеналето на минијатурна графика во Сеул, во 1982 година, исто така во Сеул, на изложбата „Визуелна ликовна порака", во 1983 година на Меѓународното биенале на цртеж во Сеул и на четвртата — на Биеналето „Кун — сан — интернешенел шоу" во Кун — сан. Во Јапонија осум пати по ред учествувам на „Импакт — арт" во Кјото. На графичкото биенале во Канагова сум учествувал, исто така па во Јокохама на Меѓународната изложба на графика, на Хирошима — Осака меѓународната изложба во чест на мирот и др. Овие изложби ви ги споменувам



**Димче Николов**

само заради географската блискост со Кореа. Инаку, досега сум учествувал на 60 меѓународни и на 30 југословенски заеднички изложби, имам пет меѓународни и 4 југословенски награди. На сите тие изложби сум повикуван со покана за учество: во Кјото беа тоа 100 уметници од светот, овде во Сеул бевме 12-мина...

**● Што ќе се случува понатаму со овој ваш награден плакат?**

— Илјада и петстотини примероци од мојата графика, која е дел на комплетот официјални поштенски картички и мапа за Олимписките игри '88 добив на потпис од Сеул, а деновиве ми јавија оттаму дека графиката ќе биде изработена како плакат во две големини.

С. Ѓ.